РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР-БИТОЛА
бр. 01-162/2
17.03.26
Битола

Врз основа на член 76-ж, член 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в, став 1, член 77-г, член 77-д од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18-1 и 11/18-2 и Сл весник на РСМ бр.265/24), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Сл.весник на РСМ 143/19,14/20 и 208/24), член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и СЛ.весник на РСМ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), Измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто или аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар Битола со архивски број 01-737 од 25.12.2025 година, Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Народен театар Битола од јуни 2025 со архивски број 01/486/2 од 30.07.2025 година, Согласноста од Министерството за финансии бр. 19-939/2 и 19-2300/2 од 13.03.2026 година, а во врска со Годишниот план за вработување за 2026 година со архивски број 01-527 од 27.08.2025 година НУ Народен театар-Битола објавува, на ден 17.03.2026 година се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2026

## за вработување на полно и неопределено работно време на 3 (три) лица во Категоријата Помошно-технички персонал

Националната установа Народен театар-Битола објавува јавен оглас за вработување на 3 (три) лица во Категоријата Помошно-технички персонал и тоа во следните работни места:

1. КУЛ 04 01 А03 006 - Декоратер (1) еден извршител-Категорија А – Одржување на опрема
2. КУЛ 04 01 Б03 001 - Хигиеничар (1) еден извршител-Категорија Б – Одржување на објекти и
3. КУЛ 04 01 Б02 001 - Хаусмајстор (1) еден извршител-Категорија Б – Одржување на објекти

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

**Општи услови за сите работни места:**

- да е полнолетен
- да е државјанин на РСМ
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работните места под реден бр. 1:**

- Завршено тригодишно или четири годишно средно техничко образование

**Посебни услови за работните места под реден бр. 2:**

- Завршено основно образование

**Посебни услови за работните места под реден бр. 3:**

- Завршено тригодишно или четири годишно средно техничко образование
- возачка дозвола "Б" категорија
-

**Распоред на работно време за работните места под реден број 1, 2, 3:**

- работни денови: понеделник-сабота
- работни часови неделно: 40 работни часа
- работно време од 9:00-13:00 и 18:00-22:00 и тоа може да биде изменето со одлука на директор согласно потребите на институцијата

**Паричен нето износ на плата** (заклучно со 02.2026 година)

- за реден број 1 - 39.922,00 денари нето износ
- за реден број 2 - 30.265,00 денари нето износ
- за реден број 3 - 37.394,00 денари нето износ

**Сите услови наведени во огласот (општи и посебни) кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУ Народен театар Битола или на WEB-страната на Театарот http.narodenteatarbitola.com

Кандидатите кон пријавата треба да ги приложат бараните документи за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или заверени на нотар:

- Извод од матична книга на родени
- Државјанство на РС Македонија
- CV и мотивационо писмо
- Пријава (од веб страната на НУ Народен театар Битола https://narodenteatarbitola.com/docs-category/oglas/)
- Доказ за општа здравствена способност за работното место
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- Доказ за завршено образование - оригинал или фотокопија заверена на нотар

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во 3 дневни весници.**

**Напомена:** Со пријавените кандидати ќе се спроведе интервју, за кое кандидатите дополнително ќе бидат контактирани.

Кандидатите кои внеле лажни податоци во пријавата се дисквалификуваат од натамошната постапка.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Пријавата со потребните документи кандидатите можат да ја доставаат директно во архивата на Театарот секој работен ден од понеделник до петок од 08.00 до 16.00 часот, заклучно со последниот ден до 16.00 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За јавен оглас" на адреса НУ Народен театар-Битола, ул.Широк Сокак број 60, 7000 Битола.**

Васко Мавровски
Директор
НУ Народен театар-Битола

17.03.2026 година